РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Барање за мислење во врска со можност за истовремено вршење на две јавни функции, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси или неспоивост на функции, имајќи предвид дека лицето ја извршува функцијата член на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, именуван од страна на Собранието на РСМ, а сега е избран на Локалните избори 2025 година за член на Советот на Град Скопје.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

# **М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

„(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, **член на совет**, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија**, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа **се неспојливи една со друга**."

Државната комисија извести дека вршењето на функцијата член на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата како именувано лице од страна на Собранието на РСМ **е неспојлива со** вршење на функцијата член на Советот на Град Скопје, како избрано лице на непосредните Локални избори 2025 година.

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од  Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:  „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk